| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | ,,Ако сакаш да си здрав ’’ |
| **Содржина на денот** | Здрави деца |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Емилија Каровска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор со децата за важноста на хигиената. Како можеме сами да си помогнеме за да не се разболеме од некоја болест. |
| **Активности** | Се започнува со детето разговор зошто треба да се мијат често рацете со сапун, зошто треба да се облекува чиста облека, зошто треба да се бањаме, да миеме заби, да не допираме до устата секакви предмети. Појаснуваме дека тоа го правиме за да се заштитиме и за да не се разболеме од некоја болест. Потоа може да се проследи видео на следиот линк :<br>https://www.facebook.com/zdravstvomk/videos/1132831247063188<br>кое е наменето за деца од 3 до 6 годишна возраст, а го има издадено Министерството за здравство, каде децата може многу сликовито да се информираат како може сами да си помогнат, а да не се заразат од некоја болест.<br>Во прилог и една стихотворба на оваа тема, која може да ја научите со Вашето дете.<br><br>Чисто дете<br><br>Јас сум дете мало,<br>но, рачиња мијам само<br>и сапунче си имам свое<br>а мама ми вели чисто дете мое. |

| | |
|---|---|
| | И лицето го мијам<br>без голема мака,<br>а тато ми вели<br>здрав ќе бидам така.<br><br>Автор: Емилија Каровска<br><br>Потоа ба Вашето дете демонстрирајте му како правилно се мијат раце, така што заедно ќе ги миете.<br>Потоа на лист од блок нацртајте му на Вашето дете контура на сапун, а детето нека го обои со боички. Додека се бои може да слушаат детски песни. |